Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 86-тата седница одржана на 05.05.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-7453/1 од 29.12.2021 година, со наводи за неправилности во спроведување на постапка по оглас за вработување, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста фактографија на наводи со предметните и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-7453/1 од 29.12.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител на ден 29.12.2021 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во спроведување на постапка по оглас за вработување и оформен е предмет со број 12-7453/1 од 29.12.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во постапката по оглас за вработување со број /// објавен од страна на ЈРП ///, освен спроведено интервју, не било извршено друго квалификациско тестирање, и дека изборот на соодветниот кандидат за работното место /// – /// во Редакцијата на влашки јазик бил извршен на партиска основа.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК утврди дека по пријава во која е изнесена иста фактографија на наводи има оформено предмет со број 12-316/1 од 01.02.2022 година, по кој има постапувано – преземено дејствија согласно нејзините законски надлежности, и дека по утврдување на фактичката состојба по истиот на 74-тата седница одржана на 05.09.2022 година има донесено одлука со број 12-316/5 од 09.09.2022 година, објавена на интернет страницата на ДКСК.

Оттаму, ДКСК оцени дека во предметот со број 12-7453/1 од 29.12.2021 година нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста фактографија на наводи и се има произнесено по однос на истите - има донесено одлука од своја надлежност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**